Врз основа на член 52 став 3 од Законот за поштенските услуги ("Службен весник на Република Македонија" бр.9/2008), Комисијата како орган на Агенцијата за пошти, на состанокот одржан на 15.12.2009 донесе:

**УПАТСТВО**
**за измена и дополнување на Упатството**
**за формата и содржината и начинот на доставување на извештај за вкупни годишни приходи на даватели на поштенски услуги**

**Член 1**

Во Упатството за формата и содржината и начинот на доставување на извештај за вкупни годишни приходи на даватели на поштенски услуги од 26.01.2009 година, во членот 2 во ставот 2 по првиот збор ,,услуги,, се става точка а зборовите до крајот на реченицата се бришат.

**Член 2**

Во членот 3 во ставот 1 по втората заграда , се става запирка и се додаваат зборовите: ,,како и на Правилникот за дополнување на Правилникот за методологијата за пресметување на годишниот надоместок за надзор на пазарот на поштенски услуги од 15.12.2009 година.,,

**Член 3**

Ова Упатство влегува во сила со денот на неговото објавување на огласна табла на Агенцијата за пошти.

Ова Упатство по влегување во сила ќе се објави на веб-страната на Агенцијата за пошти.

Бр.09-345/4
15 декември 2009 година
Скопје

Агенција за пошти
Комисија
Претседател,
**Дејан Бошковски**, с.р.